**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ„ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

**Бр.02- 555/4**

**05.11.2018 година**

Врз основа на член 110 став 1 точка 8, член 173 точка 12,и член 175 точка 2 од Законот за високо образование(„Сл. весник на РМ“ бр82/2018),мислењето од Одборот за соработка и доверба со јавноста при УКИМ Шумарски факултет во Скопје заведено под број 20-541/2 од 05.11.2018 година, Наставно научниот совет на Шумарски факултет на својата 10-(десетта) редовна седница одржана на ден 05.11.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

## за избор на редовен професор

**1.Се усвојува извештајот на Рецензентската комисија** објавен во Билтен на Универзитетот бр. 1178 од 15 октомври 2018 година.

**2.Д-р ЗДРАВКО ТРАЈАНОВ, вонреден професор**, се избира во наставно-научното звање **редовен професор** во наставно-научните области**: 41004-искористување на шумите, 41005-механизација во шумарството и 41008-друго** на Шумарскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, врз основа на рецензијата и спроведената постапка на Шумарскиот факултет за избор на **редовен професор.**

**3.**Со изборот во наставно-научно звање редовен професор **д-р Здравко Трајанов заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.**

**4.**Одлуката влегува во сила со денот на потврдување на одлуката од страна на сенатот на универзитетот согласно член 173 точка 2 од Законот за високо образование(„Сл.весник на РМ“ бр.82/2018 година).

## О б р а з л о ж е н и е

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни завања во научната области: **41004-искористување на шумите, 41005-механизација во шумарството и 41008-друго фитопатологија** во дневните весници: „Нова Македонија“ и „Коха“ на 27.08.2018 година, се пријави кандидатот д-р Здравко Трајанов ,вонреден професор од Шумарскиот факултет во Скопје.

Извештајот на рецензентската комисија е објавен во Билтен на Универзитетот бр. 1178 од 15 октомври 2018 година.

Наставно научниот совет на седницата одржана на ден 05.11.2018 година, едногласно го усвои предлогот на рецензентската комисија(од вкупно присутните 18 членови сите гласаа „ЗА“ и ја донесе горенаведената одлука како во диспозитивот.

**Одлуката да се достави до:** сенатот ,именованиот,сметководство, досие и архивата на факултетот.

**ДЕКАН**

**Проф.д-р Кирил Сотировски**